| Неделна Тема | Боите на есента |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Вежби за клекнување и станување |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Дајана М. Костова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за тоа како треба да се заштитиме од разни нечистотии и да бидеме здрави, и дека е потребно редовно да ги миеме рацете. |
| **Активности** | Разговор за тоа кое годишно време ни дојде. Со кратка прошетка во блискиот парк ќе ги воочите промените во природата и ќе разговарате за истите. (слика1) Поттикнувајте го детето на прашања: Каква боја се лисјата на дрвјата?. Во зависност од временските прилики доколку, врне дожд може да носите чадор и да разговарате за времето во есен и зошто си носиме чадор кога врне.<br><br>Во блискиот парк, може да се раздвижите, да уживате со детето во есенската убавина. На тој начин тоа стекнува љубов кон природата и се запознава со годишното време – есен. Би можеле да собирате есенски лисја или есенски плодови. (слика 2)<br><br>Игра- „Да ги наполниме кошниците’’. Земете кошница и собирајте есенски лисја во сите бои. (слика 3)<br><br>Дома, би можеле да ги исенчите есенските лисја со восочни бои (слика 4) и на тој начин детето да ги искаже своите доживувања од прошетката или пак да печатите есенски лисја со користење на темперни бои. |